ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден 09.01.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет Биљана Тасевска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### Задолженија од Градоначалникот до Раководителите на Одделенија:

**Одделение за финансиски прашања**

Формирање на Комисија за проценка и ажурирање на системот на даноци на имот.

Изготвување на решенија за даноци на имот за 2017 година најдоцна до крајот на Март 2018 година.

Подготовка на документација за поведување на соодветни постапки спрема сите должници по основ на важечки договори за закуп на деловен простор во сопственост на Општината, кои немаат платено закупнина за подолг временски период.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Изготвување на преглед на сите локации со потпорни ѕидови и нивна неодложна санација.

Санација на ударни дупки на локалните патишта и улици.

Чистење на речното корито на Крива Река, сеча на врби и отстранување на падната дрвна маса. Неодложно отпочнување со оваа активност, а според претходно утврден план и динамика.

Санација на тротоари во урбаното градско подрачје. Подготовка на потребна документација за планирање и обезбедување на парични средства за итно и неодложно реализирање на оваа активност.

Партерно уредување и поставување на урбана опрема на локалитет Пенди Вир. Отпочнување со постапка за подготовка на потребна документација, расчистување на локацијата и спроведување на јавна набавка за реализација на оваа активност, а согласно со Програмата.

Утврдување на локации за поставување на инфо табли за објава на некролози во делот на урбаното градско подрачје.

Улично осветлување. Транспорт на добиените столбови, нивно поставување на соодветните предвидени локации, монтирање на улични светилки и нивно ставање во функција.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Дислокација на опожарена барака на влезот во Крива Паланка (кај Технички) и дислокација и изнаоѓање на сместувачки капацитет за семејството кое истата ја користело за сопствено домување.

Задолжение за отпочнување со постапка за изработка на ДУП (околу 6-7 месеци) за изградба на црква во нас.Осичка Маала од страна на МПЦ.

Информација за отпочната постапка за експропријација, отстранување на објектот кај Здравствен Дом Крива Паланка и одземање на корисничкото право на корисникот на истото.

Информација за јавна презентација и анкета за ДУП 7-А.

Поставување на табли со куќни броеви.

Изнаоѓање на локација за сточен пазар надвор од урбаното градско подрачје.

Реактивирање на претходно поднесено барање до Министерството за транспорт и врски за обезбедување на парични средства за финансирање на ГУП.

**Одделение за човечки ресурси**

Постапување по барање за подготовка и доставување на потребните материјали за изготвување на вешт наод и мислење за остварување на парични права од работен однос на вработените во ТППЕ Крива Паланка.

Подготовка на преглед за неискористен втор дел од годишен одмор на вработените во Општина Крива Паланка.

Подготвување на јавен оглас и целокупната постапка за вработување на едно лице во ТППЕ

**Одделение за правни и општи работи**

План за достава на решенија за даноци на имот и комунална такса, како и на тековната достава на акти и дополнително ангажирање на лица за редовно, непречено и ефикасно реализирање на оваа обврска.

Подготвување на Одлука за намалување на комуналната такса за одржување на јавни површини, која да биде ставена на дневен ред за наредната седница на Советот на Општина Крива Паланка за ден 26.01.2018 година.

Ревидирање на Договор за закуп со Ветеринарна станица Крива Паланка за користење на објект во с.Жидилово и поднесување на писмен одговор на претходно поднесено барање за продолжување на истиот и користење на наведениот објект.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Отпочнување со имплементација на проект со Општина Витина, Косово во делот на прекуграничната соработка со Косово – „Пешачка патека Висока зона“.

Уредување на мини плоштади со поставување на урбана опрема и утврдување на локација за туристичка логистика, со партерно уредување на истата, уредување на паркинг простор и поставување на објекти за продажба на сувенири.

Јавен повик за доделување на буџетски парични средства на НВО секторот за реализација на нивни предвидени проекти, со презентација која ќе биде одржана на ден 11.01.2018 година во 15:00 часот во ЛУ Градски Музеј.

Подготовка на јавен повик и процедура за Избор и прогласување на просветен работник на годината на денот на Македонските просветители – 24-ти Мај.

Поднесување и дополнување на проектна апликација до Јапонската амбасада, за добивање средства за реализација на проекти во врска со потребите на ТППЕ Крива Паланка.

**Одделение за инспекциски надзор**

Реактивирање на општинските комунални редари и нивно секојдневно ангажирање во рамки на нивните овластувања и надлежности.

Обврска за отстранување на ПМВ Мерцедес кое што е паркирано во непосредна близина на службениот паркинг на Општината и кое што пречи во секојдневното искористување на паркинг просторот и непречениот пристап до истиот.

**ЈП Комуналец**

Зимско одржување и воведување на дежурни служби.

Чистење на одрони на локален пат во с.Луке.

Соопштение до јавноста за информирање на граѓаните за можноста за поднесување на барања за приклучок на канализационата мрежа во нас.Маневци и начинот на плаќање на надоместокот.

Уредување на паркингот зад MY MARKET и просторот помеѓу НЛБ Тутунска Банка и Фото студио Јаце со поставување на бекатон плочки.

Обнова и замена на бетонски полукружни жардиниери.

Уредување и регулација на долови.

**ЛУ Градски Музеј**

Активности поврзани со традиционалото чествување на верскиот празник Водици на ден 19.01.2018 година.

Иницирање на постапка и отпочнување со потребни процедури за основање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ (или разгледување на можноста за пререгистрирање на веќе постоечка фондација) која ќе има за цел донирање на средства за развој и унапредување на спортот, културата и слични општествени дејности на подрачјето на Општина Крива Паланка.

Потреба од вработување на неколку лица во ЛУ Градски Музеј и евалуација на финансиските средства кои се потребни и предвидени за реализација на оваа потреба.

„Патот на свилата“ - Фросина Витковска, резидент на Р.Кина. Остварување на првичен контакт со именуваната заради дефинирање на определени цели и насоки во делот на

интегрирањето на Општината во овој меѓународен проект, а пред се заради искористување на нејзините потенцијали и контакти со цел промоција на самата Општина во меѓународни рамки.

Подготовка на проектна апликација од страна на ЛУ Градски Музеј преку Јапонската Амбасада, согласно потребите и приоритетите на оваа установа.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**09.01.2018 година, Крива Паланка**